**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на трговски марки и географски називи** | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Право на интелектуална сопственост | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Четврта/ VII семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 9 |
| 8. | **Наставник** | Проф. д-р Гоце Наумовски<br>Доц. д-р Христина Рунчева Тасев | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |

Предметната програма има за цел да ги запознае студентите со поимот на трговските марки и географските називи, нивните карактеристики и функции. Ќе бидат анализирани основните меѓународни конвенции и договори: TRIPS, Париска конвенција, Мадридски договор и Протокол, TLT, Сингапурски договор за право на трговски марки. Ќе биде анализирано и законодавството за трговска марка на ЕУ (EU Trademark) и организацијата, надлежностите и функциите на Европскиот завод за интелектуална сопственост.
Воедно ќе ги запознае со правата кои произлегуваат од трговските марки, нивната заштита како и времетраењето на заштитата. Посебно внимание ќе се посвети на апсолутните и релативните причини за одбивање на трговските марки. Преку критериумите за заштита на тровските марки, студентите ќе се запознаат и со процесот на нивна регистрација, како во домашниот правен систем, така и во меѓународни рамки, односно регистрација во повеќе земји. Освен тоа, во рамки на предметната програма ќе бидат опфатени и преносот на сопственоста на трговската марка, како и граѓанско правната и кривично правната заштита. Овој предмет низ интерактивна настава ќе овозможи запознавање на студентите не само со видовите трговски марки, туку ќе бидат и оспособени за идентификување на импликациите на економски план кои произлегуваат од нивната заштита.

**11. Содржина на предметната програма:**

Содржината на предметната програма е дизајнирана согласно, Intellectual property Course Design Manual издаден од European Patent Academy и WIPO Intellectual Property Handbook: Policy, Law and Use.

1. Што претставуваат трговските марки
2. Историја и развој на трговските марки
3. Меѓународни конвенции и договори: TRIPS, Париска конвенција, Мадридски договор и Протокол, TLT, Сингапурски договор за право на трговски марки.
4. Функции на трговските марки
5. Критериуми за заштита на трговска марка
6. Права кои произлегуваат од трговските марки, нивна ефективност и времетраење
7. Регистрација на трговски марки
8. Апсолутни и релативните причини за одбивање на трговските марки
9. Пиратство на трговска марка, фалсификување и имитирање на етикети и пакување
10. Пренесување на сопственост на трговска марка
11. Географски називи
12. Однос на трговските марки со интернет домен имиња
13. Колективни и сертификатни трговски марки

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Методи на учење: | | Во наставата ќе бидат применети интерактивни предавања, практична работа на задачи на час, симулации и анализа на случаи, видео-презентации. | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | | 5+0+1.7+0+8.3 | | | |
| 14. | Распределба на расположливото време | | | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | | 15.1 | Предавања – теоретска настава | | 75 |
| | | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | | |
| 16. | Други форми на активности | | 16.1 | Проектни задачи | | 25 |
| | | | 16.2 | Самостојни задачи | | |
| | | | 16.3 | Домашно учење | | 125 |
| 17. | Начин на оценување | | | | | |
| | 17.1 | Тестови/завршен испит | | | | 70 % |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | | | | 20% |
| | 17.3 | Активност и учество | | | | 10% |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | | до 51 бода | | | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | | | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | | | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | | | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | | | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | | | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит | | | | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | | Македонски јазик | | | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалуација и самоевалуација | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Reboul, Polenak-Akimovska, Naumovski: | Introduction to Trademarks and Geographical Indications | Skopje, | 2010 |
| | | | MacQueen, Waelde, Laurie, Brown. | Contemporary Intellectual Property, | Oxford University Press | 2010 |
| | | | | WIPO Intellectual Property Handbook: Policy, Law and Use | WIPO PUBLICATION No. 489 (E) | 2008 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |

| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Ginsburg, Litman and Kevlin | Trademark and Unfair Competition Law: Cases and Materials (University Casebooks), | Foundation Press | 2007 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Авторско право и сродни права | | | |
| | Код | | | | |
| 3. | Студиска програма | Право на интелектуална сопственост | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | втор | | | |
| 6. | Академска година/семестар | Четврта/ VIII семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 9 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Родна Живковска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): | | | | |
| | Авторското право е гранка на правото која се занимава со правата на интелектуалните творци. Авторското право ги опфаќа различните творби на креативен израз, но главно е насочено кон оние кои се наменети за масовна комуникација. Оттука, целта на предметот е да ги оспособи студентите за препознавање на авторските права кои не се својствени само за печатените дела, туку ги опфаќаат и сите виртуелни форми и методи на јавна комуникација, музика, телевизија, филмови, па дури и компјутеризирани системи за складирање и превземање на информации.<br>Имено, авторските права се однесуваат на правата на интелектуалните творци во нивното создавање. Целта на проучувањето на авторските права е не само да се запознаат со нивниот предмет на заштита, туку и да ја препознаат нивната сопственост, времетраење, ефективност на заштитата и ограничување на заштитата. Воедно, студентите ќе може да ги идентификуваат повредите на авторските права и расположливите правни средства за нивна заштита. Преку современи искуства и трендови за заштита на авторските права ќе се стекнат со најновите сознанија и правна практика во заштитата на авторските права . | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: | | | | |
| | Содржината на предметната програма е дизајнирана согласно, Intellectual property Course Design Manual издаден од European Patent Academy и WIPO Intellectual Property Handbook: Policy, Law and Use<br>1. Вовед | | | | |